# Црно му било пишано




Црно му било пишано, на Александре Турунџе
шеснаесет годишен војвода, на седумнајста го фанаја ) 2п

Го турија во зандани во тије тесни долапи
чифте белези на раце и дробен синџир на гуша ) 2п

Телеграм дојде од Стамбола за Александре Турунџе
да си ја види невестата, и своите дробни дечиња ) 2п

Го извадова на Ат-Пазар, му ја кажаја бесилката
сета се Битола расплака за Александре Турунџе. ) 2п